Врз основа на член 48 став 2 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21), член 49 од Статутот на Народната банка на Република Северна Македонија Ст. бр. 02-15/IV-1/2011 од 21.04.2011 година, О. бр. 02-15/III-4/2012 од 29.03.2012 година, О. бр. 02-15/II-10/2016 од 25 февруари 2016 година, О бр. 02-15/XV-3/2018 од 27 септември 2018 година, О бр. 02-15/VII-5/2019 од 25 јули 2019 година, О бр. 02-15/XIV-1/2022 од 2 септември 2022 година и бр. 02-32963/8 од 5 октомври 2023 година, точка 6 од Одлуката за доделување годишна награда за млади истражувачи О. бр. 02-15/III-16/2011 од 31.03.2011 година, О. бр. 02-15/VIII-7/2014 од 31 јули 2014 година и О. бр. 02-15/III-3-2022 од 25 февруари 2022 година и член 10 од Правилникот за начинот, постапката и условите за избор на најдобар труд и доделување Годишна награда за млади истражувачи бр. 2927 од 13 април 2011 година, Пр. бр. 7762 од 20.09.2012 година, бр. 28175 од 5 септември 2014 година, Пр. бр. 26412 од 30 јули 2015 година, Пр. бр. 02-14684/1 од 10 јуни 2020 година и Пр. бр. 02-18550/1 од 21 јуни 2021 година, гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за формирање Одбор за оценување трудови за Годишната награда за млади истражувачи за 2024 година

1. Се формира Одбор за оценување трудови за Годишната награда за млади истражувачи од областа на макроекономијата и банките и банкарските системи за 2024 година во следниов состав:

- м-р Ана Митреска, вицегувернер, претседател,
- м-р Билјана Давидовска-Стојанова, директор на Дирекцијата за монетарна политика и истражување, член, и
- м-р Гани Рамадани, заменик-директор во Дирекцијата за монетарна политика и истражување, член.

2. Одборот за оценување од точка 1 на ова решение ќе изврши стручно оценување на пристигнатите трудови на објавениот конкурс за Годишната награда на Народната банка на Република Северна Македонија за 2024 година и ќе достави предлог до гувернерот на Народната банка за најдобар труд од областа на макроекономијата и банките и банкарските системи, со образложение, најдоцна 10 дена пред денот на доделувањето на Годишната награда.

Одборот за оценување од точка 1 на ова решение, покрај предлогот за најдобар труд, може да достави до гувернерот и предлог за доделување награда на второрангираниот труд, доколку оцени дека некој од пријавените трудови е со квалитет близок до прворангираниот труд и со квалитет којшто отскокнува од останатите.

Доколку Одборот за оценување од точка 1 на ова решение смета дека ниту еден од пристигнатите трудови не ги исполнува условите за добивање награда, може да даде предлог, оваа година да не се доделува награда.

3. Ова решение влегува во сила на денот на потпишувањето.

## Образложение

За спроведување на конкурсот за доделување на Годишната награда за најдобар труд на млади истражувачи, потребно е формирање Одбор за оценување. Формирањето на Одборот за оценување, составот и неговите надлежности се предвидени во Одлуката за доделување Годишна награда за млади истражувачи.

Во согласност со одредбите од Одлуката, гувернерот со решение ги назначува претседателот и членовите на Одборот за оценување којшто се состои од тројца членови, а еден од членовите е претседател на Одборот.

Одборот за оценување, покрај предлогот за најдобар труд, може да достави до гувернерот и предлог за доделување награда за второрангираниот труд, доколку оцени дека некој од пријавените трудови е исто така со квалитет којшто отскокнува од останатите. Доколку Одборот за оценување смета дека ниеден од трудовите не ги исполнува условите за добивање награда, може да даде предлог до гувернерот во тековната година да не се доделува награда.

Одборот за оценување доставува предлог до гувернерот за најдобар труд со образложение, најдоцна 10 дена пред денот на доделување на Годишната награда.

Бр. 02-4389/2
19 февруари 2024 година
Скопје

Гувернер
д-р Анита Ангеловска-Бежоска